УПРАВЕН СУД
Су.Бр. 01.ф.0102-4/23
15.02.2023 година
Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УПРАВЕН СУД
СКОПЈЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SE VERIUT
GJYKATA ADMINISTRATIVE
SHKUP

# И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА РАБОТА НА УПРАВЕН СУД ЗА 2022 ГОДИНА

Скопје, февруари 2023 година

## Содржина

*1. Предметно работење на ниво на суд* ........................................ 4
1.1 Годишен извештај за 2022 за работата на Управен суд ........................................ 4
*2. Судска управа* ........................................ 5
*3. Квалитет на предмети на ниво на суд* ........................................ 5
*4. Предметно работење на ниво на оддел* ........................................ 6
**4.1. Состојба со предметите во одделот за имотно – правна област, денационализација, урбанизам, градежништво и други сродни права** ........................................ 6
4.1.1 Состојба со предметите од имотно – правната област и други права ........................................ 6
4.1.2 Состојба со предметите во одделот за денационализација и други права *и состојба со предметите* од областа на урбанизмот, градежништвото и други сродни права ........................................ 6
**4.2 Состојба со предмети во одделот на пензиите, правата од пензиско и инвалидско осигурување и други сродни права, царини и други сродни права** ... 7
4.2.1 Состојба со предметите од областа на пензиите, правата од пензиско и инвалидско осигурување и други сродни права ........................................ 7
4.2.2 Состојба со предметите од одбласта на царините и други сродни права ........................................ 7
**4.3 Состојба со предмети во одделот за финансиски прашања и други сродни права** ........................................ 8
*5. Квалитет на предмети на ниво на оддел* ........................................ 8
**5.1 Оддел за имотно – правна област, денационализација, урбанизам, градежништво и други сродни права** ........................................ 8
5.1.1 Предмети од имотно – правната област и други сродни права ........................................ 9
5.1.2 Предмети од областа на денационализација и други права *и состојба со предметите* од областа на урбанизмот, градежништвото и други сродни права ........................................ 9
**5.2 Оддел на пензиите, правата од пензиско и инвалидско осигурување и други сродни права, царини и други сродни права** ........................................ 9
5.2.1 Предмети од областа на пензиите, правата од пензиско и инвалидско осигурување и други сродни права ........................................ 9
5.2.2 Предмети од областа на царините и други сродни права ........................................ 10
**5.3 Оддел финансиски прашања и други сродни права** ........................................ 10
*6. Состојба со стари предмети во 2022 година* ........................................ 10
*7. Кратки констатанции за просторните капацитети, информатичката технологија и човечките ресурси* ........................................ 11
**7.1 Услови за работа од гледна точка на човечки ресурси** ........................................ 11
**7.2 Опременост и одржување на зградата на Судот** ........................................ 13
**7.3 Состојба и активности во делот на информатичката технологија** ........................................ 15

**7.4 Односи со јавност......................................................................................................... 16**

7.4.1 Број на примени и одговорени барања по Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер, начин на постапување и одговарање .............................. 18

7.4.2 Објавени соопштенија за јавност, прес конференции, јавни настани и отворени денови организирани од судот..........................................................................................18

**7.5 Јавни набавки.................................................................................................................. 19**

***8.Резиме...........................................................................................................................20***

# 1. Предметно работење на ниво на суд

## 1.1. Годишен извештај за 2022 за работата на Управен суд

Врз основа на генерирани статистички податоци од информацискиот системот за автоматско управување со судски предметите добиени се податоците кои се содржани во Табела 1. и тоа поделени по уписник.

| Област | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вид на предмет | Управни спорови, управна област и управни прекршоци | | | | | | |
| Подвид на предмет | Нерешени | Новопримени | Повторно заведени | Погрешно заведени | Вкупно во работа | Решени | Остаток |
| У - 1 | 642 | 710 | 27 | 8 | 1371 | 849 | 522 |
| У - 2 | 556 | 535 | 32 | 1 | 1122 | 710 | 412 |
| У - 3 | 407 | 542 | 23 | 9 | 963 | 537 | 426 |
| У - 4 | 479 | 576 | 19 | 2 | 1072 | 607 | 465 |
| У - 5 | 1484 | 1939 | 54 | 8 | 3469 | 1508 | 1961 |
| У - 6 | 1316 | 919 | 22 | 4 | 2253 | 1387 | 866 |
| УРП | 5 | 95 | 3 | 0 | 103 | 90 | 13 |
| УИ | 2 | 0 | 1 | 0 | 3 | 3 | 0 |
| УСПИ | 5 | 1 | 10 | 0 | 16 | 9 | 7 |
| УПР | 511 | 908 | 34 | 1 | 1452 | 1039 | 413 |
| УПРЦ | 136 | 139 | 7 | 0 | 282 | 203 | 79 |
| УПРД | 26 | 13 | 1 | 0 | 40 | 36 | 4 |
| УПРК | 11 | 24 | 0 | 0 | 35 | 14 | 21 |
| Вкупно - вид на предмет | 5580 | 6401 | 233 | 33 | 12181 | 6992 | 5189 |
| Вкупно - област | **5580** | 6401 | 233 | **33** | **12181** | **6992** | **5189** |

**Табела 1**

На почетокот на 2022 година останати нерешени предмети од претходната година се 5580 предмети вкупно за сите уписници. Во текот на 2022 година новопримени се 6401 предмети додека повторно заведени се 233 предмети по различни основи. Од овде произлегува дека вкупно во работа во 2022 година биле 12181 предмети не земајќи ги предвид 33 предмети кои добиле статус на погрешно заведени. Со оглед на фактот дека во 2022 година решени се 6992 предмети, на крај на годината вкупниот број на остаток на нерешени предмети е 5189 предмети.

## 2. Судска управа

| Област | Судска управа и претставки и поплаки | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вид на предмет | Судска управа и претставки и поплаки | | | | | | |
| Подвид на предмет | Нерешени | Новопримени и повторно заведени | Повторно заведени | Погрешно заведени | Вкупно во работа | Решени | Остаток |
| СУ | 6 | 1.285 | 0 | 0 | 1.291 | 1.287 | 4 |
| СУ-ДОВ | 0 | 13 | 0 | 0 | 13 | 13 | 0 |
| СПИ | 0 | 28 | 0 | 0 | 28 | 26 | 2 |
| УПП | 4 | 461 | 0 | 0 | 465 | 412 | 53 |
| Вкупно - вид на предмет | 10 | 1.787 | 0 | 0 | 1.797 | 1.738 | 59 |
| **Вкупно - област** | **10** | **1.787** | 0 | **0** | **1.797** | **1.738** | **59** |

**Табела 2**

Во анализираниот период, од предметите што се однесуваат на судската управа, примени се 1285 предмети, евидентирани во уписниците „СУ", „СУ-01", „СУ-02", „СУ-03", „СУ-04", „СУ-05", „СУ-07", „СУ-ИЗЗ", „СУ-СТР-ДОВ", додека 13 предмети од уписникот „СУ-ДОВ" , решени се 1300 предмети, имајќи го предвид и остатокот од претходната година, а на крајот на 2022 година останале 4 нерешени предмети. Во уписникот „УПП" се евидентирани 461 новопримени предмети, решени се 412 предмети, имајќи го предвид и остатокот од претходната година, а на крајот на 2022 година останале 53 нерешени предмети, додека во уписникот „СПИ" се евидентирани 28 новопримени предмети, решени се 26 предмети, имајќи го предвид и остатокот од претходната година, а на крајот на годината има остаток 2 нерешени предмети како што е прикажано погоре во табела 2.

## 3. Квалитет на предметите на ниво на суд

Во 2022 година од Вишиот управен суд примени се вкупно 2806 предмети по кои е донесена одлука по жалба, од кои 2180 потврдени одлуки 243, преиначени, 223 укинати, 1 делумно потврден и 159 отфрлени што може да се види во табелата 3.

| Примени предмети од Вишиот управен суд и видови одлуки | Вкупно предмети | Квалитет % |
|---|---|---|
| Примени предмети | 2806 | |
| Потврдени | 2180 | 77,69% |
| Преиначени | 243 | 8,66% |
| Укинати | 223 | 7,95% |
| Делумно потврдени | 1 | 0,04% |
| Отфрлени | 159 | 5,67% |
| Друго | 0 | 0,00% |

**Табела 3**

## 4. Предметно работење на ниво на оддел

### 4.1. Состојба со предметите во одделот за имотно – правна област, денационализација, урбанизам, градежништво и други сродни права

Во рамките на овој оддел се формираат 3 (три) совети, и тоа: еден совет кој постапува и одлучува по предмети од имотно-правна област и други сродни права и два совета кои постапуваат и одлучуваат по предмети од областа на денационализација, урбанизам, градежништво и други сродни права

#### *4.1.1. Состојба со предметите од имотно – правната област и други сродни права*

| УПИСНИК | Нерешени | Новопримени | Погрешно заведени | Вкупно во работа | Решени | Остаток |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Управни прекршоци-разни "УПР" | 24 | 105 | 0 | 129 | 100 | 29 |
| Управни прекршоци-конкуренција "УПРК" | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Разни управни предмети-"УРП" | 0 | 9 | 0 | 9 | 9 | 0 |
| Барање на заштита на основни права и слободи "УСПИ" | 3 | 3 | 0 | 6 | 3 | 3 |
| Барање за извршување на пресуда на Управниот суд "УИ" | 0 | 1 | 0 | 1 | 1 | 0 |
| Управни спорови од имотно-правна област и други права "У1" | 642 | 737 | 8 | 1371 | 849 | 522 |
| ВКУПНО | 669 | 828 | 27 | 153 | 1484 | 881 |

Табела 4

#### *4.1.2.* . Состојба со предметите во одделот за денационализација и други права *и состојба со предметите од областа на урбанизмот, градежништвото и други сродни права*

| УПИСНИК | Нерешени | Новопримени | Погрешно заведени | Вкупно во работа | Решени | Остаток |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Управни прекршоци-разни "УПР" | 131 | 220 | 1 | 350 | 266 | 84 |
| Управни прекршоци-конкуренција "УПРК" | 3 | 4 | 0 | 7 | 4 | 3 |
| Разни управни предмети-"УРП" | 2 | 27 | 0 | 29 | 26 | 3 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Барање на заштита на основни права и слободи **“УСПИ”** | 1 | 2 | 0 | 3 | 1 | 2 |
| Управни спорови од урбанизам и градежништво и други права **“У-3”** | 407 | 565 | 9 | 963 | 537 | 426 |
| Управни спорови од денационализација и други права **“У-2”** | 556 | 567 | 1 | 1122 | 710 | 412 |
| **ВКУПНО** | 1100 | 1385 | 11 | 2474 | 1544 | 930 |

**Табела 5**

## 4.2. Состојба со предметите во одделот за пензии, права од пензиско и инвалидско осигурување и други права, царини и други сродни права

Во овој оддел функционираат три совета, од кои едниот е надлежен за предметите од областа на пензиите, правата од пензиско и инвалидско осигурување и други права, а другите два за предметите од областа на царините и други права.

### *4.2.1. Состојба со предметите од областа на пензиите, правата од пензиско и инвалидско осигурување и други сродни права*

| УПИСНИК | Нерешени | Новопримени | Погрешно заведени | Вкупно во работа | Решени | Остаток |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Управни прекршоци-разни **“УПР”** | 79 | 104 | 0 | 183 | 139 | 44 |
| Управни прекршоци-конкуренција **“УПРК”** | 1 | 6 | 0 | 7 | 1 | 6 |
| Разни управни предмети-**“УРП”** | 1 | 12 | 0 | 13 | 10 | 3 |
| Управни спорови од областа на пензиите, права од пензиско и инвалидско осигурување и други права **"У-4"** | 479 | 595 | 2 | 1072 | 607 | 465 |
| **ВКУПНО** | 560 | 717 | 2 | 1275 | 757 | 518 |

**Табела 6**

### *4.2.2.Состојба со предметите од областа на царините и други сродни права*

| УПИСНИК | Нерешени | Новопримени | Погрешно заведени | Вкупно во работа | Решени | Остаток |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Управни прекршоци-царина **"УПРЦ"** | 136 | 146 | 0 | 282 | 203 | 79 |
| Управни прекршоци-разни **“УПР”** | 97 | 260 | 0 | 357 | 257 | 100 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Управни прекршоци-конкуренција "УПРК" | 5 | 13 | 0 | 18 | 6 | 12 |
| Разни управни предмети-"УРП" | 1 | 28 | 0 | 29 | 25 | 4 |
| Барање на заштита на основни права и слободи "УСПИ" | 1 | 3 | 0 | 4 | 3 | 1 |
| Барање за извршување на пресуда на Управниот суд "УИ" | 2 | 0 | 0 | 2 | 2 | 0 |
| Управни спорови од областа на царина и други права "У-6" | 1316 | 941 | 4 | 2253 | 1387 | 866 |
| Вкупно - судија | 1558 | 1391 | 4 | 2945 | 1883 | 1062 |

**Табела 7**

## 4.3. Состојба со предметите во одделот за финансиски прашања и други сродни права

| УПИСНИК | Нерешени | Новопримени | Погрешно заведени | Вкупно во работа | Решени | Остаток |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Управни прекршоци-разни "УПР" | 180 | 253 | 0 | 433 | 277 | 156 |
| Управни прекршоци-конкуренција "УПРК" | 2 | 1 | 0 | 3 | 3 | 0 |
| Управни прекршоци-даноци "УПРД" | 26 | 14 | 0 | 40 | 36 | 4 |
| Разни управни предмети-"УРП" | 1 | 22 | 0 | 23 | 20 | 3 |
| Барање на заштита на основни права и слободи "УСПИ" | 0 | 3 | 0 | 3 | 2 | 1 |
| Управни спорови од областа на даноци и други права "У-5" | 1484 | 1993 | 8 | 3469 | 1508 | 1961 |
| ВКУПНО | 1693 | 2286 | 8 | 3971 | 1846 | 2125 |

**Табела 8**

## 5. Квалитет на предмети на ниво на оддел

Во 2022 година, во Управен суд се поднесени 2817 жалби, а од Вишиот управен суд, со второстепени одлуки се вратени 2806 предмети.

Состојбата со примени предмети со второстепени одлуки од Вишиот управен суд, табеларно на ниво на оддели е прикажана во следните табели:

### 5.1. Оддел за имотно – правна област, денационализација, урбанизам, градежништво и други сродни права

### 5.1.1. *Предмети од имотно – правната област и други сродни права*

| Примени предмети од Вишиот управен суд и видови одлуки | Вкупно предмети | Квалитет % |
|---|---|---|
| Примени предмети | 435 | |
| Потврдени | 325 | 74,71% |
| Преиначени | 51 | 11,72% |
| Укинати | 39 | 8,97% |
| Отфрлени | 20 | 4,60% |

**Табела 9**

### *5.1.2. Оддел за денационализација и други права и предмети од областа на урбанизмот, градежништвото и други сродни права*

| Примени предмети од Вишиот управен суд и видови одлуки | Вкупно предмети | Квалитет % |
|---|---|---|
| Примени предмети | 544 | |
| Потврдени | 340 | 62,50% |
| Преиначени | 69 | 12,68% |
| Укинати | 68 | 12,50% |
| Отфрлени | 67 | 12,32% |

**Табела 10**

## 5.2. Оддел за пензии, права од пензиско и инвалидско осигурување и други права, царини и други права

### *5.2.1. Предмети од областа на пензиите и правата од пензиско и инвалидско осигурување и други сродни права*

| Примени предмети од Вишиот управен суд и видови одлуки | Вкупно предмети | Квалитет % |
|---|---|---|
| Примени предмети | 219 | |
| Потврдени | 171 | 78,08% |
| Преиначени | 19 | 8,68% |
| Укинати | 18 | 8,22% |
| Отфрлени | 11 | 5,02% |

**Табела 11**

### 5.2.2. *Предмети од областа на царините и други сродни права*

| Примени предмети од Вишиот управен суд и видови одлуки | Вкупно предмети | Квалитет % |
|---|---|---|
| Примени предмети | 1047 | |
| Потврдени | 910 | 86,91% |
| Преиначени | 67 | 6,40% |
| Укинати | 39 | 3,72% |
| Делумно потврдени | 1 | 0,10% |
| Отфрлени | 30 | 2,87% |

**Табела 12**

### 5.3. *Оддел за финансиски прашања и други сродни права*

| Примени предмети од Вишиот управен суд и видови одлуки | Вкупно предмети | Квалитет % |
|---|---|---|
| Примени предмети | 561 | |
| Потврдени | 434 | 77,36% |
| Преиначени | 37 | 6,60% |
| Укинати | 59 | 10,52% |
| Отфрлени | 31 | 5,53% |

**Табела 13**

## 6. Состојба со стари предмети во 2022 година

Во текот на 2022 година, новопримени се 315 стари предмети за кои потребно е да се потенцира дека причината за зголемување на бројот овие предмети се модел постапките по кои судиите немаат донесено конечна одлука, бидејќи согласно Законот за управните спорови за донесување на конечна одлука, неопходна е одлуката од повисокиот суд, која до моментот на изготвување на овој извештај не е доставена до Управниот суд, а кое нешто законот го овозможува, односно предвидува и наложува на судиите кои постапуваат по предмети кои добиваат третман на модел постапка.

| УПИСНИК | Нерешени предмети на почеток на година | Предмети што добиле статус на стари | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Остаток стари нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|
| Управни спорови од имотно -правна област и други права "**У-1**" | 0 | 12 | 12 | 7 | 5 |
| Управни спорови од денационализација и други права "**У-2**" | 7 | 49 | 56 | 52 | 4 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Управни спорови од урбанизам, градежништво и други права "**У-3**" | 4 | 27 | 31 | 24 | 7 |
| Управни спорови од пензии, права од пензиско и инвалидско осигурување и други права "**У-4**" | 3 | 6 | 9 | 9 | 0 |
| Управни спорови од јавни набавки и други права "**У-5**" | 5 | 28 | 33 | 30 | 3 |
| 170У174п58р116авни спорови од царина и други права "**У-6**" | 4 | 170 | 174 | 58 | 116 |
| Разни управни предмети "**УРП**" | 0 | 2 | 2 | 1 | 1 |
| Барање за заштита на основни слободи и права "**УСПИ**" | 1 | 11 | 12 | 7 | 5 |
| Барање за извршување на пресуда "**УИ**" | 0 | 1 | 1 | 1 | 0 |
| Прекршоци "**УПР**" | 0 | 7 | 7 | 6 | 1 |
| Прекршоци "**УПРД**" | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Прекршоци "**УПРЦ**" | 0 | 2 | 2 | 1 | 1 |
| Прекршоци "**УПРК**" | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | 24 | 315 | 339 | 196 | 143 |

**Табела 14**

## 7. Кратки констатанции за просторните капацитети, информатичката технологијаа и човечки ресурси

### *7.1. Услови за работа од гледна точка на човечки ресурси*

Заклучно со 31.12.2022 година, во Управен суд се пополнети вкупно 27 судиски места, вклучувајќи го и Претседателот на Судот, од вкупно предвидените 33 судиски места, согласно Одлука на Судскиот совет на Република Северна Македонија. На еден од судиите му мирува функцијата „судија на Управен суд“, поради тоа што е избран за Претседател на Вишиот Управен суд.

На ден 28.04.2022 година со Решение на Судски совет на Република Северна Македонија бр.07-741/2, констатиран е престанок на судиската функција на судијата Драгослав Радичевски поради исполнување на услови за остварување на право на старосна пензија.

На ден 18.05.2022 година со Решение на Судски совет на Република Северна Македонија бр.07-888/2, констатиран е престанок на судиската функција

на судијата Димитрула Апостоловска поради исполнување на услови за остварување на право на старосна пензија.

Во делот на судската служба, согласно Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Управен суд, заклучно со 31.12.2022 година, предвидени се вкупно 171 работни места, од кои 80 се пополнети, вклучувајќи ги и 11-те судски службеници вработени во Судот на определено работно време. Останатите 91 работно место се непополнети.

Во текот на 2022 година се спроведени три јавни огласи за вработување на судски службеници, на неопределено и на определено работно време, а спроведен е и еден интерен оглас за кариерно унапредување на судски службеници.

Во текот на месец февруари 2022 година на еден судски службеник му престана работниот однос по пат на спогодба за престанок на работен однос. Во текот на месец март 2022 година по пат на спогодба констатиран е престанок на работниот однос на уште еден судски службеник во Управен суд, по спроведена постапка на мобилност преку превземање во друг орган.

Во текот на месец јули 2022 година, Управен суд во постапка на мобилност преку превземање, спроведе превземање на службеник од орган на државна управа – Министерство за информатичко општество и администрација, со звање „советник – портпарол".

Во текот на месец септември 2022 година, им престана работниот однос на два судски службеници во Управниот суд, со следните звања: судски службеник соработник – преведувач, констатиран е престанок на работниот однос по пат на спогодба на ден 30.09.2022 година, додека на другиот судски службеник – помлад судски референт, работниот однос му престана по сила на закон на 28.09.2022 година.

Во текот на 2022 година на 11 лица со кои беше склучен договор за вработување на определено работно време, заклучно со 31.12.2022 година им престана работниот однос во Управен суд, со следните звања: 4 помлади судски соработници, 2 судски референти и 5 помлади судски референти.

Заклучно со 31.12.2022 година, во Управниот суд се вработени вкупно 80 лица во рамките на судската служба, вклучувајќи ги и судските службеници вработени на определено работно време, со следните звања:

- судски администратор
- 2 раководни судски службеници: 1 раководител на стручно-правна служба и 1 раководител на одделение за информатика;
- 30 стручни судски службеници: 14 судски советници, 3 виши судски соработници, 6 судски соработници и 7 помлади судски соработници;
- 41 помошно-стручни судски службеници: 4 самостојни судски референти, 30 виши судски референти, 2 судски референти и 5 помлади судски референти;

- 2 вработени лица кои вршат технички и помошни работи: оператор на телефонска централа и хигиеничар;
- 4 припадници на судската полиција.

Имајќи ја предвид ваквата состојба по однос на кадровската екипираност на Судот во делот на судската служба, а од друга страна вкупниот број на предмети кои се во работа во Судот, како и континуираното зголемување на приливот на ново примени предмети, констатација е дека бројот на вработени судски службеници од сите законски предвидени категории, се' уште е недоволен за совладување на обемот на работата, што влијае на ефикасноста и квалитетот во работата на Судот.

Гореизложената состојба од аспект на човечките ресурси е актуелна подолг временски период во Управен суд, односно поголем дел од предвидените работни места со Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Управниот суд се непополнети, што предизвикува застој во движењето на предметите и пречекорување на роковите за определени процесни дејства.

Заради разрешување на претходно констатираната состојба, во текот на 2022 година, а врз основа на добиена согласност од Судскиот буџетски совет, спроведени се постапки за вработување за работни места од различни звања, согласно актот за систематизација. Пополнувањата на работните места во Судот е спроведено со обезбедените финансиски средства од Министерството за финансии, како и со спроведување постапка на мобилност преку спогодбено превземање на службеници од други државни институции.

Имајќи го предвид наведеното, а во насока на реализација на нови вработувања во судската служба на Управен суд, согласно Законот за судската служба в.в Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Управен суд, во 2022 година е донесен и Годишен план за вработување за 2023 година, Су-01.бр.0102-21/22 од 29.07.2022 година. Истиот е доставен до Судскиот буџетски совет, согласно членот 22 став 2 од Законот за судската служба, заради согласност по така изготвениот план. Судскиот буџетски совет и Министерството за информатичко општество и администрација како надлежни институции дадоа согласност и позитивно мислење на Годишниот план за вработување во Управен суд за 2023 година.

### 7.2. *Опременост и одржување на зградата на Судот*

Започнувајќи од 06.07.2022 година, Управниот суд своите законски утврдени надлежности, ги спроведува во нови деловни простории во објектот што се наоѓа на улица „Даме Груев" бр.6 во Скопје, доделен на трајно користење без надомест на Управниот суд со Одлука Бр.44-8928/1 од 25.09.2018 година донесена од Влада на Република Македонија. Објектот се протега на површина од 2.608 м2 и на истиот по спроведена јавна набавка превземени се бројни градежни активности, заради негово реновирање и осовремување.

Зградата на Судот има осум ката, при што на третиот кат се наоѓа Кабинетот на Претседателот на судот, канцеларијата на Судскиот администратор, Канцеларија за односи со јавност, Сала за состаноци, како и канцелариите на останатите судски службеници кои ги вршат работните задачи и активности од делокругот на Судската Управа.

Сите судии кои во моментот ја вршат судиската функција во Управниот суд, располагаат со сопствени канцеларии распоредени по катови, согласно советите во кои постапуваат.

Во Управен суд во текот на 2022 година работат 30 стручни судски службеници, сместени на осмиот кат од зградата на Судот.

Воедно, во Судот функционираат и шест писарници, сместени во одделни канцеларии, распоредени по катови соодветно на надлежностите на советите за кои постапуваат. Одделението за прием и достава на писмена, како и судската полиција се наоѓаат во приземниот дел на објектот.

Судските службеници од дактило биро се сместени во две одделни канцеларии кои соодветствуваат на бројот на вработени дактилографи.

Судскиот службеник уписничар кој врши автоматска распределба на предмети преку АКМИС системот, својата работа ја врши во посебна канцеларија имајќи ја предвид природата на работата.

Во зградата на Управен суд има осум современо опремени судници за одржување на усни, јавни и непосредни расправи, кои се правило согласно Законот за управни спорови (“Службен весник на РМ” бр.96/19), а со кои се овозможува доследна примена на европскиот стандард за задолжителност на јавната расправа во секоја судска постапка, поставен со членот 6 од Европската конвенција за човекови права. (право на правично судење).

Судот располага и со современа и пространа Конференциска сала за состаноци, во која се одржуваат седниците на судии, како и свечености и настани од значење за Судот.

За безбедноста на вработените и странките, се грижат четири припадници на судската полиција.

Во периодот кога Судот беше сместен во зградата на ул.Орце Николов бб во Скопје, за одржување на хигената се грижеше друштвото СТЕД-КОМЕРЦ увоз-извоз ДООЕЛ Скопје, кое друштво е избрано по пат на спроведена јавна набавка. Во техничките спецификации беше напоменато дека одржувањето на хигиената ќе се одвива сукцесивно, а по преселбата на Судот во нови простории договорот ќе биде раскинат. По преселбата на Судот во новиот објект сместен на ул.Даме Груев бр.6 во Скопје, сметано од 23.08.2022 година, за одржување на хигиената во Судот се грижи друштвото БИГОР КЛИНИНГ ДООЕЛ Скопје, избрано по пат на спроведена јавна набавка.

За одржување на зградата, во периодот кога Судот беше сместен на ул.Орце Николов бб во Скопје, се грижеше друштвото ЕНЕРГОИНВЕСТ ДОО Скопје, кое друштво е избрано по пат на спроведена јавна набавка. По истекот на договорот во април 2022 година, спроведена е нова постапка за јавна набавка – одржување на зграда, во која како најповоен понудувач е избран економскиот оператор ДАКОС ГРОУП ДООЕЛ Скопје.

Воедно, како изведувач ДРВО – ПРОМ ДООЕЛ од с.Муродвис – Зрновци, гарнатира за квалитетот на изведените работи на објектот на Управниот суд од најмалку две години.

### *7.3. Состојба и активности во делот на информатичката технологија*

Во текот на 2022 година, во одделението за информатика во Судот, се спроведуваа редовни активности поврзани со употребата на АКМИС-информацискиот систем за автоматско управување со предмети, односно редовното користење и внесување на точни податоци за нивна обработка, користење на истите за генерирање на различни статистички извештаи како месечни, квартални, полугодишни, годишни, како и други извештаи за потребите на Судот. Воедно, во рамки на одделенито за информатика се пружа редовна техничка подршка за сметководствениот програм АБМС, одржување на хардвер, подесување на параметри за програми кои се веќе инсталирани, инсталирање на нови програми, грижа за безбедносно осигурување на системот, како и заштита на податоците на повеќе локации и медиуми.

Воедно, во повеќе наврати е спроведена контрола на пристапот до компјутерската опрема и податоци, како и одржување на целата останата компјутерска опрема, пријавување на дефекти и планови за буџет за потребните материјали за функционирање на целокупниот систем. Остварени беа повремени обуки на вработените за користење, односно ракување со системот и програмите кои се во функција. Континуирано се објавуваа одлуки и други содржини на веб страницата на судот, како и во текот на целата година објавувани се огласи на огласната табла во Судот.

Управниот суд има потреба од вертикално поврзување со повисокиот суд кој одлучува по жалби, со цел да се олесни и подобри работата на Управниот суд како првостепен суд и на Вишиот Управен суд, како второстепен суд.

Во Управен суд, тековно се врши електронската достава на адвокатите кои се регистрирани на порталот за е-достава, но мора да се потенцира потребата од двонасочно функционирање на електорнското сандаче, од причини што истото е функционално само во еден правец, односно само за испраќање, а не и за прием на поднесоци од странките во постапките пред Управен суд.

Во изминатиот период преку спроведување и реализирање на јавни набавки за набавка на компјутерска опрема и печатарски уреди во Судот, обезбедена е нова техничка опрема која придонесе за олеснување и оптимизирање на условите за работа во Управен суд.

Потребно е да се потенцира дека во Управен суд нема неправилности по однос на распределбата на судски предмети, односно редовно се врши распределба на предметите по судии, не постои рачна распределба на предмети, освен по претходно донесена одлука од Претседателот на судот заведена “СУ” уписник, што пак е констатирано и во Записникот од спроведениот увид во функционалноста на Автоматизираниот компјутерски систем за управување со судските предмети во Управниот суд од страна на Надзорната комисија при Министерството за правда.

Со цел олеснување на пристапот на граѓаните кон официјалната веб страна на Управен суд во текот на 2022 година, беа превземени бројни активности за паралелно внесување на податоците објавени на веб страната како на македонски така и на албански јазик, како иницијални активности за примена на Законот за употреба на јазиците.

### *7.4. Односи со јавност*

Управниот суд е транспарентен за својата работа, постојано информирајќи ја јавноста за превземените активности и дејствија од делокругот на своите надлежности, преку објави на официјалната веб страна на Судот.

Управен суд работи во интерес на граѓаните на Република Северна Македонија и во таа насока, остварува секојдневна усмена, писмена и електронска комуникација со странките и граѓаните кои се обраќаат за информации во Канцеларијата за односи со јавност на Судот.

И во текот на 2022 година, службените лица во Канцеларијата за односи со јавност на Управен суд, професионално и ревносно одговараа на бројните прашања и барања од странките и граѓаните, на начин што, бараните информации им ги предочуваа усно, телефонски, одговарајќи им и по писмен и по електронски пат.

Во текот на 2022 година, евидентен е голем интерес за надлежностите на Управен суд, за текот и превземените дејствија по предметите по кои постапува Судот, како и за донесените одлуки по предметите на Судот, како од странките кои се директно засегнати од исходот на конкретниот предмет, така и од голем број на новинари од медумските куќи ширум државата.

За предметите за кои постоеше поголем интерес за јавноста, овластеното службено лице за односи со јавност, телефонски и преку e-mail адресите на Управен суд ги даваше бараните информации и одговораше на поставените новинарски прашања, а по потреба беа објавувани и соопштенија за јавност на официјалната веб страна на Управниот суд.

Во текот на 2022 година, Претседателот на Судот- м-р Бурим Сејдини, присуствуваше на бројни конференции, тркалезни маси, семинари и обуки, на кои ја презентираше работата и остварените цели и достигнувања на Судот.

Претседателот на Управен суд- м-р Бурим Сејдини, имаше воведен говор и поздравно обраќање на настан: Тркалезна маса во врска со управните спорови и

човековите права: Право на бегалците и практика организиран од ОБСЕ И УНХЦР во соработка со Академијата за судии и јавни обвинители, одржан на 6ти и 7ти јуни во Хотел Лимак -Скопје. Претседателот на Управен суд, истакна дека заради обезбедување на основните европски стандарди за одржување на усни расправи во управните спорови како во предметите поврзани со азил така и за сите останати предмети и основи по кои постапува Управниот суд, од особено значење претставува и отворањето на новиот објект на Судот кое се очекува да се одржи на ден 06.07.2022 година.

Претседателот на Управен суд- м-р Бурим Сејдини учествуваше на Самитот за дигитализација на судството, како механизам за враќање на довербата во правосудството, кој се одржа во Охрид. Во своето излагање, Претседателот на Судот ја нагласи важноста на процесот за дигитализација на судството односно дека дигитализацијата е суштински процес во реформирањето на судството и во создавањето услови за независно, одговорно и транспарентно одлучување преку кое ќе се зацврсти довербата на граѓаните во судството.

На ден 06.07.2022 година, се одржа свечен настан по повод отворањето на новата зграда на Управниот суд. Настанот беше организиран од страна на Управен суд во соработка со ОБСЕ, на кој присуствуваа голем број гости од кои претставници од високиот владин состав, претставници од институциите од правосудството, претставници од дипломатскиот кор, од академските кругови и останати значајни имиња. Настанот го отвори Претседателот на Управен суд - м-р Бурим Сејдини, кој во своето обраќање говореше за успесите и предизвиците на Управниот суд, изложувајќи го хронолошки текот на работите при реализација на проектот во врска со реновирањето и адаптацијата на новиот објект во кој е сместен Судот. На присутните им се обратија и Претседателот на Врховниот суд - Беса Адеми, Претседателот на Судскиот совет - Павлина Црвенковска, Министерот за правда – проф.д-р Никола Тупанчески, професорката по управно право при Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје- проф.д-р Ана Павловска Данева, како и амбасадорот, шеф на мисијата на ОБСЕ во Република Северна Македонија, г-динот Клеменс Која, чија безрезервна поддршка беше клучна за успешно финализирање на овој проект. Неспорно е дека функционирањето на Управниот суд во новите простории претставува можност за зајакнување на капацитетите на оваа институција и воедно зголемување на ефективноста и ефикасноста, како и поквалитетно и поажурно пружање на услугите и заштита на правата и интересите на граѓаните.

На ден 2ри и 3ти ноември 2022 година, Преседателот на Управен суд, м-р Бурим Сејдини учествуваше на VII-та Меѓународна судска работилница на тема „Судска независност и самостојност во светло на Поглавје XXIII" во организација на Здружение на судиите на Република Северна Македонија и Амбасадата на Соединетите Американски Држави во Република Северна Македонија и во соработка со CEELI Институтот од Прага. Во фокусот на оваа работилница беше судството во рамките на преговорите за пристапување во ЕУ, надворешните влијанија во судството и поставеност на судиите и најдобри практики и научени лекции во борбата против корупцијата и судски интегритет.

На 6ти декември 2022 година, во Брисел се одржа билатерален скрининг за Реформа на јавната администрација, Поглавје - 32 - Финансиска

контрола и Функционирање на демократски институции, Кластер Фундаментални вредности, како клучна фаза од скрининг процесот за пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија.

На билатералната средба за Реформа на јавната администрација и поглавјето 32, учествуваше и в.д судскиот администратор м-р Ивана Смугреска, како претставник од Управниот суд, во делот Механизми за внатрешна и надворешна одговорност, кој се однесува на постапките по тужби против актите на органите на државната управа пред Управниот суд, навременоста во донесувањето на одлуки од страна на Судот, одлучувањето во полна јурисдикција, како и функционирањето и капацитетот на Управен суд во донесувањето на одлуките и нивниот квалитет. Во насока на обезбедување на квалитетна судската заштита на правата и правните интереси на физичките и правните лица во управен спор, од особено значење се просторните капацитети со кои располага Судот од јули 2022 година, при што јавните расправи се одржуваат во современо опремени судници кои ги исполнуваат основните европски стандарди, а со цел доследно спроведување на правилата на Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП) и одлуките на Европскиот суд за човекови права(ЕСЧП), посебно во делот на правично и јавно судење, што претставува важен предуслов во процесот на европската интеграција на Република Северна Македонија во ЕУ.

Управниот суд и понатаму останува доследен на сопствената транспарентна мисија, професионално и посветено запознавајќи ја јавноста со надлежностите, функционирањето, постигнатите цели и достигнувањата на Судот. Со транспарентна, ажурна и ефикасна комуникација и работа со странките и јавноста, Управниот суд ја зајакнува и се' поцврсто се етаблира во правосудниот систем на Република Северна Македонија.

### *7.4.1. Број на примени и одговорени барања по Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер, начин на постапување и одговарање*

Во текот на 2022 година беа примени вкупно 28 (дваесет и осум) барања за слободен пристап до информации од јавен карактер, при што позитивно е одговорено на 19 (дваесет) барања, 7 (седум) барања се одбиени и на 2 (две) не е даден одговор на барателот.

### *7.4.2. Објавени соопштенија за јавност, прес конференции, јавни настани, отворени денови организирани од судот*

Во текот на 2022 година јавноста континуирано се информира за работата на Управен суд преку објавување на соопштенија на официјалната веб страна на Судот.

Преседателот на судот учествуваше на голем број конферненции, тркалезни маси, обуки на кои ги елабориране надлежностите на Управниот суд, предизвиците со кои се соочува управното судство во својата работа, давајќи предлози за подобрување на ефикаснота и квалитетот во работењето на Судот. Со цел приближување на надлежностите на Судот до младата популација, во

посета на Судот во текот на месец јуни 2022 година беа студентите од Факултетот за безбедност – Идризово и на истите им беше овозможен разглед на просториите на Судот, запознавање со работните активности на вработените службеници во судската управа, како и присуство на тековни јавни расправи. На почетокот на месец декември 2022 година, во посета на Судот беа ученици од основното училиште "Братство" од Скопје и истите беа пречекани од Претседателот на судот, в.д. Судскиот администратор и судијата Дитурије Елези Незири, при што учениците беа запознаени со работењето и надлежностите на Управен суд и беше спроведена симулација на јавна расправа, во која учениците активно партиципираа и вешто ги покажаа своите способности.

### *7.5. Јавни набавки*

Во текот на 2022 година, спроведени се јавни набавки предвидени со Годишниот план за јавни набавки Су.02.бр.0507-2/22 од 28.01.2022 година и измените на Годишниот План Су.02.бр.0507-2/22-1 од 22.07.2022 година и Су.02.бр.0507-2/22-2 од 02.12.2022 година, со исклучок на една јавна набавка на стоки – електрична енергија, која е поништена, од причини што и по два објавени огласи за јавна набавка на електрична енергија не се пријави ниту еден понудувач. Конкретно, спроведени се единаесет од вкупно предвидените дванаесет јавни набавки, од кои шест постапки за јавни набавки се однесуваат на следните стоки:

- Набавка на материјали за автоматска обработка на податоци;
- Набавка на средства за одржување на хигиена-помошни средства;
- Набавка за канцелариски материјали;
- Набавка на печатен материјал;
- Набавка на горива и масла за моторно возило;
- Набавка на мултифункционални печатачи – фотокопири.

Пет постапки на јавни набавки се однесуваат на следните услуги:

- Набавка на услуга – одржување на службени возила;
- Набавка на услуга – одржување на хигиена со вклучени средства;
- Набавка на услуга – преселување на инвентар поради просторно сместување на Управниот суд на друга локација;
- Набавка на услуга – одржување на зграда;
- Набавка на услуга – одржување на информатичка и друга опрема.

Предвидените и спроведените јавни набавки се тековни јавни набавки кои Судот ги спроведува секоја година согласно основните потреби за непречено функционирање на институцијата.

Потребата за спроведување на јавна набавка на стока – електрична енергија, се јавува како резултат на околноста што Управниот суд согласно податоците од Централниот Регистар на Република Северна Македонија не спаѓа во категоријата „мал потрошувач", а имајќи ја предвид дефиницијата опфатена во членот 3 точка 36 од Законот за енергетика. Од овие причини, Судот не може да снабдува со електрична енергија од Универзалниот снабдувач на електрична

енергија, па започнувајќи од 2022 година Судот има законска обврска набавката на електрична енергија да ја врши од снабдувач на отворениот пазар, во согласност со условите од Законот за енергетика и Правилата за снабдување со електрична енергија (Службен весник на РМ бр.172/18 и Службен весник на РСМ бр.138/19). Согласно наведеното, Судот објави Оглас за јавна набавка на стоки – електрична енергија, во два наврати и тоа на 20.09.2022 година и на 21.11.2022 година, меѓутоа и по две спроведени постапки не се пријави ниту еден понудувач, поради што истите беа поништени. Од наведените причини, снабдувањето со електрилна енергија се' уште се врши од крајниот снабдувач – ЕВН.

Поради преселба на Судот на нова локација, јавната набавка на услуга - преселување на инвентар поради просторно сместување на Управниот суд на друга локација, еднократно е спроведена.

Во спроведената постапка за јавната набавка на услуги–одржување на хигиена со вклучени средства, како најповолен понудувач е избран економскиот оператор СТЕД КОМЕРЦ увоз-извоз ДООЕЛ Скопје. По преселбата на Судот во нов објект на ул.Даме Груев бр.6 – Скопје, поради значителна измена на тендерската документација, како и техничките спецификации во истата, односно со оглед на потребата од зголемен број на работници за одржување на хигената во зградата – хигеничари, како и зголемен број на работни часови, што резултира со зголемување на финсиските средства потребни за реализација на конкретната јавна набавка, Претседателот на Судот, го раскина Договорт за јавна набавка со избраниот економски оператор. По обезбедување на потребните финансиски средства, спроведена е нова постапка за јавна набавка на услуги - одржување на хигиена со вклучени средства, па започнувајќи од 23.08.2022 година, за одржување на хигиената во Судот задолжен е економскиот оператор БИГОР КЛИНИНГ ДООЕЛ Скопје.

Со Измена на Годишниот план за јавни набавки Су.02.бр.0507-2/22-2 од 02.12.2022 година, во крајот на 2022 година спроведена е и јавната набавка на стоки - мултифункционални печатачи – фотокопири, имајќи ја предвид потребата од истите за непречено извршување на работите во Судот, како резултат на поголем број на канцеларии и судници, што имплицира и зголемен обем на работата на Судот.

## *8. Резиме*

Од сето напреднаведено, произлегува дека Управниот суд во секоја од фазите на постапување и преземање на конкретни дејствија ги има исполнето предвидените високо поставени цели, на начин да овозможи да се достигне минимумот во времетраење на постапките, што допринесува овој суд да биде ефикасен во своето работење.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СУД**
**m-r Burim Sejdini**